Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-106/3
30.01.2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 313/1 од 27.05.2022 година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност, религија или верско уверување, личен и општествен статус и возраст во областа на работата и работни односи против [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 10.08.2022 години, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ЗАПИРА ПОСТАПКАТА** по претставката бр. 08 – 313/1 од 27.05.2022 година година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност, религија или верско уверување, личен и општествен статус и возраст во областа на работата и работни односи против [redacted] заради поради повлекување на претставката во текот на постапувањето, согласно член 27, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

## О б р а з л о ж е н и е

На 27.05.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од [redacted] од Скопје за заштита од дискриминација врз основа на о етничка припадност, религија или верско уверување, личен и општествен статус и возраст во областа на работа и работни односи против [redacted]

Подносителката на претставката преку допис на електронската пошта contact@kszd.mk во сопственост на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 27.01.2023 се изјасни дека ја повлекува својата претставка.

Врз основа на член 27, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, доколку подносителот на претставката одлучи да ја повлече претставката во текот на постапувањето, Комисијата носи заклучок за неповедување или за запирање на постапката.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот на овој заклучок и ја запре постапката по претставката бр. 08 – 313/1 од 27.05.2022 година.

Скопје
30.01.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Доставено до:

- Аземина Машовиќ, ул. Солунска 1а, Скопје
- Биљана Ѓозинска, ул. 3та Македонска бригада 66А – кат 1 (Факултет за Бизнис Економија Скопје)
- Слаџана Стојановска, ул. 3та Македонска бригада 66А – кат 1 (Факултет за Бизнис Економија Скопје)
- Анета Васиљевиќ-Шикалеска, ул. 3та Македонска бригада 66А – кат 1 (Факултет за Бизнис Економија Скопје)
- Мартин Стојановиќ, ул. 3та Македонска бригада 66А – кат 1 (Факултет за Бизнис Економија Скопје)